**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12 и 87/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.8.2013 година, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

I. Во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/13), во глава III.Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите, во точката 3. по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- зајакнување на капацитети на ОБ Струмица со распоредување доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина НОВО СЕЛО“.

II. Во глава VI.Потребни финансиски средства за реализација на Програмата, Табелата 2. Потребни финансиски средства за реализација на програмата се заменува со нова табела, која гласи:

| | Активности | Извршител | Количина | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 . | Тиреоиден скрининг на сите новородени деца | Универзитетска клиника за детски болести | 25.000 | 120,00 | 3.190.000,00 |
| 2. | Неонатален скрининг за слух кај новороденчиња<br>(едукација за неонатолози и акушерки од сите породилишта) | Универзитетска клиника за уво нос и грло во соработка со Национален координатор за неонатален скрининг за слух | 4 | 50.000,00 | 200.000,00 |
| 3. | Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација | Универзитетска клиника за детски болести | 2.700 | 851 | 2.300.000,00 |
| 4. | Мајчина книшка – печатење и дистрибуција<br>Брошури за бремени жени – печатење и дистрибуција | Министерство за здравство и Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство- | 23.181 | 22,00 | 510.000,00 |
| 5. | Државен центар за репродуктивно здравје (кофинансирање со грантот од холандската влада ОРИО) | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 1 | | 1.000.000,00 |
| 6. | Едукација на гинеколози од сите нивоа на здравствена заштита во насока за безбедна бременост, породување, како и адекватна постнатална грижа со цел намалување на смртност на доенчињата и родилки | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство во соработка со стручни здруженија | 2 | 127.500,00 | 255.000,00 |
| 7. | Набавка на перфузори за проектот неонатална кардиохирургија | ЈЗУ универзитетска клиника за детска хирургија | | | 1.000.000,00 |
| 8. | Зајакнување на капацитети на ОБ Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска | ОБ Струмица | 8 | 18.125,00 | 145.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина НОВО СЕЛО | | | | |
| 9. | Теренски посети за стручно-методолошки на превентивна служба за предучилишни деца во ЈЗУ Здравствени домови во Република Македонија | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 34 | 5.000,00 | 170.000,00 |
| 10. | Регионални работилници за здравствени работници - превентивните тимови за унапредување на здравјето на децата (теми поврзани со злопупотреба на деца, инклузивни практики при работа со деца со пречки во развојот) | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 6 | 30.000,00 | 180.000,00 |
| 11. | Регионални работилници за патронажната служба (најчести ризици во неонаталниот период, доење, здравјето на жените во репродуктивен период) | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 6 | 30.000,00 | 180.000,00 |
| 12. | Едукација на семејства во рурални средини и ромски заедници за унапредување на здравјето и развојот кај децата, вакцинации, безбедно мајчинство | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 6 | 5.000,00 | 30.000,00 |
| 13. | Регионални работилници за Здравствени работници за инклузивни практики при работа со деца со пречки во развојот и препознавање на злоупотреба на деца и подготовка на програма за континуирана едукација на патронажните с тимови во развојни советувалишта и превентивните тимови за препознавање на злоупотреба и занемарување на деца и механизми за пријавување | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 6 | 5.000,00 | 30.000,00 |
| 14. | Промоција на Недела на имунизација | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | | 350.000,00 |
| 15. | Промоција на Светската недела на доењето<br>Печатење на брошура за доење<br>Печатење на Брошура за постнатална грижа (совети за породена жена) | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | | 460.000,00 |
| | Вкупно: | | | | 10.000.000,00 |

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.41-5336/1
14 август 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.